Република Северна Македонија

# Инспекциски совет

Арх. број: 04-801/5

Датум: 01. 02. 2023

Врз основа на член 45 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија бр. 27/14, 199/14, 48/15 ,154/15, 5/16, 142/16, 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 14/20 ,215/21 и 99/22), генералниот секретар, донесе

## ОДЛУКА

**за невршење на избор на кандидат по објавен јавен оглас за вработување на административен службеник**

1. Во врска со јавниот оглас бр. 752/2022 за потреба од вработување на административен службеник во Инспекцискиот совет, објавен на ден 30.12.2022 година на интернет страната на Агенцијата за администрација и во дневните весници „Слободен печат", „Нова Македонија“ и „Лајм“, за работно место:
   **УПР 0101 В03 000 – Соработник за јавни набавки во Инспекциски совет**, не се врши избор.

2. Одлуката со која не се врши избор ќе се објави на интернет страната и на огласната табла на Агенцијата за администрација.

## О б р а з л о ж е н и е

Врз основа на објавениот Јавен оглас 752/2022 за потреба од вработување на административен службеник во Инспекцискиот совет, објавен на ден 30.12.2022 година на интернет страната на Агенцијата за администрација и во дневните весници „Слободен печат", „Нова Македонија“ и „Лајм“, за работно место УПР 0101 В03 000 – Соработник за јавни набавки во Инспекциски совет, 1 извршител, формирана е Комисија за селекција за вработување по Јавен оглас со решение бр. 10-351/1 од 13.01.2023 година, која ја спроведе постапката за вработување составена од административна селекција со сочинет Записник од извршена административна селекција за административен службеник бр. 10-351/2 од 16.01.2023 година со Листа на уредни и неуредни, Листа на кандидати кои ја поминале административната селекција и Листа на кандидати за кои постапката на селекција завршила.

По спроведената постапка за административна селекција за вработување, од страна на Агенцијата за администрација организиран и спроведен е испитот за административен службеник и составен е Записник од спроведениот испит за административен службеник број 10-351/3 од 27.01.2023 година со Листа на кандидати кои го полагале испитот, Ранг листа на кандидати кои продолжуваат во третата фаза на селекција и Листа на кандидати кои не продолжуваат во третата фаза на селекција.

По спроведениот испит за административен службеник, од страна на Комисијата за селекција извршена е проверка на веродостојност на доказите и сочинет е Записник од спроведена постапка на веродостојност на докази и интервју за административен службеник број 10-351/4 од 31.01.2023 година со Листа на кандидати со кои е спроведено интервју и Конечна ранг листа на кандидати од сите фази на селекција.

Согласно член 44 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19,14/20, 215/21 и 99/22), имајќи ги предвид Записникот од извршена административна селекција за административен службеник, Записникот од спроведениот испит за административен службеник и Записникот од спроведена постапка на веродостојност на докази и интервју за административен службеник, не се врши избор на кандидат по објавен јавен оглас за вработување на административен службеник од причина што пријавениот кандидат не ја поминал проверката на документи бидејќи нема доказ за работно искуство со високо образование.

Врз основа на горенаведеното се донесе одлука како во диспозитивот.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа одлука незадоволниот кандидат може да поднесе жалба преку Инспекцискиот совет до Агенцијата за администрација - Комисија за одлучување во втор степен по жалби и приговори на административните службеници во рок од 8 дена од денот на објавувањето на одлуката. Жалбата го одлага извршувањето на одлуката.

Генерален секретар на Инспекциски совет

м-р Сашо Мержаноски

Доставено до:

-Агенција за администрација

-Архива